**ПИСМО ОД БЕЛГРАД**

# ИДНАТА ГАЛЕРИЈА

## НА СОВРЕМЕНАТА ЈУГОСЛОВЕНСКА УМЕТНОСТ

**Белград, јануари**

**Идејата за формирање на Галерија на југословенската современа уметност во Белград потекна по војната. Таа се роди од фактот дека кај нас не постои установа во која може да се согледа развитокот на југословенската современа уметност. Републичките галерии во Скопје, Загреб, Љубљана и Сараево имаат национален карактер, и само ја акцентираат уметноста од другите сликарски школи. Затоа стручњаците сметаат дека е неопходно да се основа една општојугословенска Модерна галерија.**

### Галеријата веќе „располага“ со неколку илјади слики, графики и скулптури

Мецени на Модерната галерија се Сојузниот извршен совет, Републичкиот совет за наука, просвета и култура на Србија и Околискиот одбор на Белград. Откупните комисии, составени од познати стручњаци, и откупуваат најдобрите експонати на сите изложби што се приредуваат во Белград. Во последно време некои од експонатите, значајни за поставката во Модерната галерија, се откупуваат и од сопствениците — колекционери. Така, поголем фонд од збирката на Фрегл од Загреб ќе биде ставен на располагање на Галеријата.

Бројот на експонатите со кои „располага“ Модерната галерија не е мал. Изнесува неколку илјади слики, скулптури и графики, што значи дека физиономијата на Модерната галерија уште сега е формирана. Капацитетот на изложбените простории, како што се предвидува, ќе допушти да бидат изложени најмногу 1000 експонати од над 250 автори а голем број од делата ќе се наоѓаат во резерва во депото на Галеријата.

### Поставката на Галеријата ќе биде решена во три дела

Поставката во Модерната галерија ќе ја опфати југословенската современа уметност во последните 60 години. Таа ќе почне со завршетоците на импресионизмот — делата на Надежда Петровиќ, Коста Миличевиќ, Милован Миловановиќ Јакупиќ, Јама, Грохар, Стерпен, Краљевиќ, Рачиќ и Бециќ — а ќе заврши со генерацијата формирана по војната. Модерната галерија ќе биде поделена на три дела. Првиот дел ќе ја прикаже југословенската уметност до Првата светска војна, вториот — помеѓу двете светски војни, а третиот — по ослободувањето. Првите два дела ќе претставуваат потребен увод во панорамата на југословенската модерна уметност. За разлика од досегашните поставки кај нас, имајќи ги во вид поставките во галериите по светот, најголемо внимание ќе и се посвети и најмногубројно ќе биде застапена нашата повоена уметност.

Историскиот развиток на југословенската уметност ќе биде изнесен потполно научно и објективно. Таа не ќе биди одбележена ниту како „модернистичка“ ниту како чисто „реалистичка“.



*Д. КОНДОВСКИ: „ПОРТРЕТ“*

Ќе бидат прикажани делата на сите значајни личности и движења, а со тоа ќе биде извршена вистинска реконструкција на модерната уметност. Оние движења што во нашата ликовна уметност постоеле истовремено, во поставката на Модерната галерија ќе бидат третирани заедно, а движењата карактеристични за републиките и националните уметности ќе бидат прикажани одделно, во рамките на одредената школа. Така, на пример, Хлебинската сликарска школа и групата „Земја“ ќе претставуваат еден голем период (посебен дел од целата поставка) во хрватскаат современа уметност.

### Македонската современа уметност во Модерната галерија

Во текот на последните неколку години од изложбите што ги имаат отворено македонските ликовни уметници во Белград се откупени повеќе слики, графики и скулптури кои ќе бидат ставени на располаагање на Модерната галерија. Делата на Мартиноски, Личеноски и други од постарата генерација ќе бидат приклучени кон вториот дел: уметноста на југословенските народи помеѓу двете светски војни. Делата на сликарите Лазески, Куноски, Кондовски и други, на скулпторите Хаџи—Бошков, Грабуловски Д. Тодоровски, Љ. Стефановски ќе бидат изложени во III дел — југословенската уметност по војната.

**Р. Кузмановски**